# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**08.02.2024 год.** **Бр.II**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 40-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 07.02.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 40-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.02.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-225/1 од 08.02.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 40-та седница, одржана на 07.02.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 39-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 18.01.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-195/3 од 07.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 33 и 35 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 20 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/14; 7/19 и 7/20), а во врска со уверението од Општинската изборна комисија бр.11-3/1 од 25.01.2024 година, Советот на Општина Крушево на седница одржана на 07.02.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандат на член на Советот на Општина Крушево**

**Член 1**

СЕ ВЕРИФИКУВА, мандатот на членот на Советот на Општина Крушево, ЕЛЕНА ХАСАНОСКА од Крушево од листата на Коалицијата „Надоброто за мојата општина“ предводена од СДСМ.

**Член 2**

Членот на Советот се избира за време до звршувањето на мандатот на Советот на Општина Крушево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-195/4 од 07.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција ("Сл.весник на РМ" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Сл.весник на Р.С.М." бр.294/21 и 89/22), член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 21 став 1 точка 41, од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.02.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за извештајот за работата на**
**Полициската станица од општа надлежност**
**Крушево**
**за периодот од второто полугодие од 2023**
**година**

1. НЕ СЕ ПРИФАЌА Извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност-Крушево за периодот од второто полугодие од 2023 година, БР.23.22.9.1-03/3 од 03.01.2024 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-195/5 од 07.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.02.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација**
**на**
**Програмата за уредување на градежно**
**земјиште на подрачјето на**
**Општина Крушево за 2023 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година, бр.03-188/1 од 30.01.2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-195/6 од 07.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/14, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.02.2024 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација**
**на**
**Програмата за финансирање на изработка**
**на урбанистички планови на**
**Општина Крушево за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2023 година, бр.03-188/4 од 30.01.2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-195/7 од 07.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.02.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година, бр.03-188/2 од 30.01.2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-195/8 од 07.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.02.2024 година, го донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација на**
**Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2023 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2023 година, бр.03-188/3 од 30.01.2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина

**Бр.08-195/9 од 07.02.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 52 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 67 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево, на 26.01.2024 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. КОСТАДИНА СТОЈАНОСКА од Крушево, член на Советот на Општина Крушево, се определува да го заменува градоначалникот на Општина Крушево во случаи на спреченост или отсуство.
2. На членот на советот му мирува функцијата член на советот за времето кога го заменува градоначалникот.
3. Висината на надоместокот кој ќе го прима членот на советот за вршење на оваа функција ќе се определи со посебно Решение.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.
5. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението бр.09-1141/1 од 02.11.2021 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Законот за локална самоуправа и Сатутот на Општина Крушево, градоначалникот на општината определува член на советот кој ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство до 6 (шест) месеци; во случај на неоправдано отсуство подолго од 6 (шест) месеци и ако престане да биде жител на општината.

Заради горе наведеното градоначалникот на општината реши како во диспозитивот.

Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот и архивата на општина Крушево.

**Бр.09-180/1 од 29.01.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**

1. Заклучок за објавување на актите донесени на 40-та седница на Советот на Општина Крушево ..1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 39-та седница на Советот на Општина Крушево …..... 1
3. Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Крушево .......................... 1
4. Заклучок за извештајот за работата на Полициска станица од општа надлежност Крушево за периодот од второто полугодите од 2023 година ........................................................................... 2
5. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година ................................... 2
6. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2023 година .................................. 2
7. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година ................................................... 3
8. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година ......................................................................... 3
9. Решение за заменик Градоначалник на Општина Крушево .......................................................... 3

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.